РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1723/6
17-11-2025 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 25-та седница одржана на 12.11.2025 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот број 12-1723/1 од 09.06.2025 година, истиот оформен по пријава од познат подносител против лицето -------- ----------- градоначалник во општина --------------- и други службени лица вработени во општината со наводи за сомневање за противзаконско постапување, злоупотреба на службената положба и овластување, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување, од причина што за пријавените наводи оформен е предмет од друг надлежен орган ------ ----------- каде постапката е во тек.

Предметот со број 12-1723/1 од 09.06.2025 година, да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 09.06.2025 година, доставена е пријава по која е оформен предмет заведен под архивски број 12-1723/1 од 09.06.2025 година. Пријавата која се однесува против лицето --------- ------------ градоначалник во општина -------------- и други службени лица вработени во општината и членови во Комисија задолжена за спроведување на оглас број ---/-------- за отуѓување на градежно земјиште во државна сопственост содржи наводи за сомневање за

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

противзаконско постапување, злоупотреба на службената положба и овластување.
Исто така наведено е и дека предметната пријава веќе била доставена на надлежност пред други државни органи како и до ---------- ------- --------------- од ------------ заради утврдување на одговорност.

Во насока на утврдување на фактичката состојба по предметот, Државната комисија за спречување на корупцијата побара ------------ --------------- на ------ да достави целосна информација за тоа во која фаза се наоѓа постапувањето по предметот, како и да се достави прилог на копија од евентуално донесената ---------- ------------- --------- или друг акт од надлежност на -------------.

Во законски утврдениот рок, добиени се бараните информации и од увидот во прибавената документација утврдено е дека:

Се потврдуваат изнесените наводи дека ------- ------------ има оформено предмет под ----. бр. -----/--- од 10.06.2025 година по претходно поднесена Жалба во вид на кривична пријава од страна на правното лице --------- ------ ---------- --------- с. ------------- ------------- по однос на спроведена постапка за оттуѓување на градежно земјиште под КП. бр.---------/--- сопственост на Република Северна Македонија при општина ------------ истата спроведена по пат на електронско јавно наддавање.

Воедно ------ ------------ во текот на своето постапување презело дејствија при што конкретно до општина --------------- била доставена наредба за доставување на податоци со која бил побаран целокупниот доказен материјал за текот на спроведената постапка за оттуѓување на градежното земјиште под КП. бр.------/-- сопственост на Република Северна Македонија спроведена од страна на општината. Дополнително се укажува дека постапката по наведениот предметен случај била во тек и дека по прибирање на списите ќе бидат преземени понатамошни дејствија од нивна надлежност за што ДКСК ќе ниде дополнително информирана.

По разгледувањето на предметните наводи и прибавената документација, ДКСК констатира дека согласно Законот за спречување на корупција и судирот на интереси нема елементи за натамошно постапување од причина што друг државен орган ----- ---------- има отворено предмет за овој предметен случај, каде што постапката е во тек.

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на горенаведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Заменик претседател**

**м-р Цвета Ристовска**

Изработил: П.Б советник
Контролирал: Ј.Ц, раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: Б.Ц., член на ДКСК

Доставено до:
-Подносителот на пријавата